**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: 09-69
06.03.2024 година
Кичево

## СОУ „Маврово –Ростуше " – Ростуше

| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
|---|---|
| **Датум на интегрална евалуација:** | 09-10 и 13 Ноември 2023 година |
| **Број на извештај:** | Број 15/ Југозападен Регион /2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Бошко Стефановски |
| **Вид на училиштето:** | Средно |
| **Подрачни училишта:** | Нема |
| **Основач на училиштето:** | Општина Маврово Ростуше |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 68 ученици |
| **Полова структура на ученици:** | 32 женски и 36 машки |
| **Број на наставници:** | 17 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Медат Арслани |
| **Директор на училиштето:** | Исмет Абдули |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11-12-13 Април 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | С.Ростуше |
| **Телефон:** | 042/487-103 |
| **Факс:** | 042/487-103 |
| **e-mail:** | sou.mavrovorostuse@gmail.com |
| **оценка од интегрална евалуација** | (2.81-Добро) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ" број 52/2005; 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013 , 41/2014, 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ" број 86/2006)

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција на ден 9, 10 и 13 Ноември 2023 година, тим од три државни просветни инспектори Бошко Стефановски раководител на инспекцискиот тим, Нермина Карагоска член и Амдин Рушај член, спроведоа интегрална евалуација во работата на СОУ. „Маврово -Ростуше" во Ростуше.

Реализација на Интегралната евалуација се одвиваше согласно планот изготвен од страна на инспекцискиот тим и од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека СОУ „Маврово -Ростуше" работи (2,81) Добро.

Наставата во СОУ Маврово – Ростуше " – Ростуше , се остварува според наставни планови и програми за Средно гимназиско образование, одобрени од МОН и БРО за општествено-хуманистичка насока комбинација А, Со промените во наставните планови и програми наставниците се запознаваат на организираните семинари од страна на Бирото за развој на образованието, состаноците на наставничкиот совет и стручните активи на училиштето

Родителите се запознаваат со работата на училиштето преку брошура што ја изготвува училиштето.

Училиштето во минатото беше вклучено во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и соработуваше со Гимназијата „Ата" од Центар Жупа, еднострано заедничките проекти се прекинати од страна на гимназијата Ата од центар Жупа, во моментот на реализацијата на интегралната евалуација СОУ. Маврово – Ростуше немаше партнер училиште а имаше побарано од неколку средни училишта соработка.

Училиштето учествува на општински , регионални и државни натпревари и имаат освоено награди на истите.

Годишната програма заведена под бр. 01-106/2 од 18.08.2023 година за работа на училиштето планирани се ученички екскурзии и еднодневни излети. Во годишната програма за работа на училиштето се планирани и се реализира разновидни воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат како подршка на нивниот личен и социјален развој.

Училиштето нема регистриран спортски клуб

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците според пол и етничка припадност (јазикот на кој се изведува наставата) , по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди. Користејки ги споредбени податоци училиштето изготвува анализи за успехот и оценувањето по наставни предмети, наставен јазик, пол и етничка припадност за сите класификациони периоди. Работи на подобрување на успехот на учениците. Дел од наставници во редовната настава им обезбедуваат подршка на учениците со потешкотии во учењето, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби, изготвуваат индивидуални оперативни плнирања, училиштето со одлука број 02-224/2 од 23.11.2022 година има формирано Инклузивен тим.

Во училиштето се следи редовноста на учениците и постојат споредбени податоци за редовноста на учениците во изминатите три учебни години . Стручната служба води уредна евиденција за реализацијата на Програмата за советување на родители и истата редовно се спроведува. Хигиената и дисциплината во училиштето се добри.

Во изминатите три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

Училишниот одбор е формиран согласно законските норми и прописи.

За реализација на наставните програми наставниците изработуваат годишни, тематски и оперативни планови за реализација на наставниот час. Наставниот кадар во училиштето врши планирање на дополнителна, додатна настава, слободни ученички и воннаставни активности, 7 од вкупно 20 наставници се нессодветни по норматив за наставен кадар, како слаба страна на училиштето ќе се нотира, слабата подршка што ја добиваат несоодветните наставници од страна на стручната служба во училиштето.

Во училиштето се реализираат проектни активности.

При реализација на наставата поголем дел од наставниците планираат и применуваат разновидни форми, методи и техники на учење со кои би ги развивале индивидуалните способности на учениците

Сите наставници во тематските распределенија имаат предвидено примена на ИКТ, го планираат оценувањето, планираат современи техники методи и приод кон наставата и учениците.

Училиштето е вклучено во проектот „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот воспитно-образовен систем".

Инфраструктурата во училиштето е безбедна. Училишниот простор е безбеден за изведување на воспитно образовниот процес, а учениците се чуствуваат безбедно. Наставникот Емилија Гаврилоска обучен за давање на прва помош на учениците .

Училиштето има план и правилник за заштита од физички повреди и елементарни непогоди .

Во училиштето има куќен ред, еко кодекс и кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во училниците и на огласните табли за информирање. Училиштето води евиденција за учениците од социјално загрозени семејства.

Во училиштето нема организирана исхрана. Учениците се снабдуваат со храна од продавниците кои се наоѓаат во непосредна близина на училиштето.

Училиштето има обезбедено организиран превоз за сите учениците кои живеат над 2 километри оддалеченост од училиштето.

Училишниот двор не е холтикултурно уреден но има корпи за отпадоци. Дворното место е оградено од сите страни .

Извршени се редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците од прва и четврта година, се вршат редовни систематски прегледи на вработените, со фактура бр. 1120140-1-08 од 27.03.2023 се констатира дека осигуран е училишниот објект, групно се осигурани и вработените во училиштето.

Во училиштето има план и програма за професионална ориентација на учениците и се спроведува анкета за избор на идно занимање.

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во пракса, на состанокот со учениците не се уверивме дека учениците во целост се запознаени со нивните универзални права и правото на ученик во училиштето.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето но не секогаш и редовно учествуваат на состаноци и учествуваат во работата на училиштето

Училиштето остварува соработка со локалната заедница и се реализираат заеднички проекти и настани.

Опременоста со наставни средства и други технички помагала во училиштето во голем дел ги задоволува нормативите и критериумите за извршување на воспитно-образовниот процес.

Во училиштето се водат професионални досиеја за наставниците. Стручната служба ги следи планирањата на наставниците во посебен формулар за вреднување на планирање.

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Училиштето има сопствени приходи, има дополнителна сметка за извршени услуги (дупликати на свидетелства , дипломи и вонредно образование).
Училишниот одбор е конституиран согласно одредбите од Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Има воспоставено партнерски однос со органот на раководење и другите образовни структури.

Раководниот орган има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од најголемиот број на субјекти во училиштето . Има професионален однос кон работата и ефективно комуницира и раководи со вработените.

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Во Програмата за развој на училиштето изработена за периодот 2021-2025 година (заведена под бр. 02-179/2 од 17.12.2020 г.) тие се јасно и прецизно дефинирани и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и зголемување на постигањата на учениците. Сите приоритети во училиштето се планираат врз основа на анализа на состојбата и искористување на потенцијалите на училиштето кои се опфатени во изработената Самоевалуација за периодот 2021-2023 година (заведена под бр. 01-191/1 од 18.11.2021 година).

Во училиштето има изготвено распоред за реализација на додатна дополнителна и слободни ученички активности, во училиштето има 4 ПП апарати. На ден 15.06.2023 извршена е Дезинфекција, Дезинсекција и дератизација

Во Склоп на училиштето има дом дополнителна зграда за одржување на разни културни манифестации опремен е со современа аудио опрема. Нема спортска сала, училиштето има активна веб страна soumavrovorostuse.edu.mk

## Карактеристики на училиштето

СОУ„Маврово - Ростуше“ е единствено средно училиште во регионот ги има опфатено учениците од селата Ростуше, Видуше, Велебрдо, Требиште, Аџиевци, Јанче, Жировница, Присојница и Скудриње. Во непосредна близина на училиштето се наоѓаат основното училиште „Ѓорѓи Пулески“, Културниот дом, општинската администрација и здравствениот дом .

За прв пат училиштето е отворено 1969 година како подрачни паралелки во состав на гимназијата ,,Панче Попоски“ - Гостивар. По барање на локалната управа и со одлука на советот на општината од 14.10.2010 година училиштето е одделено од СОУ,,Гостивар,, и својата образовна дејност ја обавува како посебен правен субјект.

СОУ “Маврово-Ростуше“е основано од Советот на општина Маврово-Ростуше врз основа на позитивно мислење на Владата на РМ за основање на средно општинско училиште бр-5298/1 од 05.10.2010. Решение за верификација на наставниот план и наставните програми за гимназиско образование од МОН бр.11-4250/4 од 21.12.2010 година. Училиштето е запишано во Централниот регистар на Република Македонија од 10.01.2011 година.

Наставата во училиштето се одвива во една смена и се изведува на македонски јазик , а се реализира во една училишна зграда во 8 училници .

Во училиштето наставата ја следат 68 ученици , распоредени во 8 пралелки.

Училиштето има Статут и во моментот се вршеше усогласување на статутот со постојанта законска регулатива, за истиот има добиено согласност од Министерството за образование и наука од 29.12.2010.

Годишната програма заведена под бр. 01-106/2 од 18.08.2023 и истата е усвоена од страна на советот на општината, на ден 21.08.2023 со одлука 08-269/1.

Училиштето има изготвено Самоевалуација за периодот 2021-2023 година (заведена под бр. 01-191/1 од 18.11.2021 година). Развојна програма за периодот 2021-2025 заверена со број 02-179/2 од 17.12.2020 година.

Училиштето има изготвено полугодишен извештај за учебната 2022-2023 година на ден 30.12.2022 заверен со бр. 01-250/1 и годишен извештај за учебната 2022-2023 година на ден 18.08.2023 заверен со број 04-106/3.

Училиштето остварува соработка со локалната средина, деловната заедница, невладини организации, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование и наука.

# Наставни планови и програми

## 1 .1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во СОУ Маврово – Ростуше “ – Ростуше , се реализира во согласност со наставниот план и наставните програми за средно гимназиско образование,изготвени од БРО а донесени од Министерството за образование и наука, општествено-хуманистичка насока комбинација А .

Наставата се во реализацијата по сите предмети во целост во пропишан обем и планирање со исклучок на наставанат во Спорт и спортски активнсти, заради немање спортска сала не можат да се реализираат сите планирани активности исто така констатирани се минимални одстапки во обемот на реализација на додатна и дополнителна настава и слободните ученички активности.

На почетокот од учебната година раководителите на паралелките преку организирање на родитески средби ги запознаваат родителите со наставните планови и програми по кои ќе се образуваат нивните деца. Се констатираше дека и покрај тоа што училиштето нема законска обврска изготвува Брошура за родители и учениците Училиштето нема креирано Web страна

Со промените во наставните планови и програми наставниците се запознаваат на организираните семинари од страна на Бирото за развој на образованието и на состаноците на наставничкиот совет и стручните активи на училиштето.

Училиштето работи на приспособување на наставните програми по одделни наставни предмети, според можностите на децата со потешкотии во учењето.

Од листата на изборни предмети, училиштето на учениците им нуди предмети, кои учениците треба да ги изучуваат во тековната учебна година. Се почитува постапката за избор на наставни предмети и притоа се води сметка за задоволување на потребите и афинитетите на учениците.

Годишните и тематските планирања на професорите се во печатена или електронска форма. Наставниците изработуваат оперативни планирањакај мал дел од нив не се содржат сите потребни елементи за реализирање на предвидените цели. Информациите и донесените одлуки во врска со наставните планови и програми кои се предвидени за реализација, се достапни за наставниците, а учениците и родителите се запознаваат со содржините со започнувањето на учебната година. Одредени наставни содржини од наставните планови и програми се прилагодуваат на карактеристиките на локалната средина. Содржините од наставните програми целосно се реализираат, со предвидениот фонд на часови, согласно наставните планови и програми. Стручната служба и директорот имаат пропишано процедура за следење на планирањата на нставниците и следење на реазлизацијата на планираното.

Покрај редовната настава се планира и реализира дополнителна, додатна, изборна, консултативна настава, проектни активности и родителските состаноци.

## 1.2. Квалитетот на наставните планови и програми

Од остварените средби со фокус групите и поединечните разговори со учениците и наставниците заедничко е мислењето за преобемноста на наставните планови и програми и големиот број на часови во текот на наставната недела.

Во досегашната работа на сите структури во училиштето не се покренати иницијативи или поднесени барања за изменување и дополнување на наставните планови и програми до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на образованието.

### 1.3 Воннаставни активности

Во годишната програма за работа училиштето планирани се воннаставни активности.

Во слободните ученички активности се опфатени поголем број на ученици според нивните афинитети .

Училиштето во минатото беше вклучено во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и соработуваше со Гимназијата „Ата" од Центар Жупа, еднострано заедничките проекти се прекинати од страна на гимназијата Ата од центар Жупа, во моментот на реализацијата на интегралната евалуација СОУ. Маврово – Ростуше немаше партнер училиште а имаше побарано од неколку средни училишта соработка. Уличиштето е со мешан етнички состав

Планирани и реализирани се општествено корисна работа, активности на ученичката заедница , ученички екскурзии надвор од Република Северна Македонија односно во Р. Албанија, натпревари и освеони награди на Општински, регионални и Државно ниво по предметот Географија, ментор професор Медат Арсланоски, реализирани се други еднодневни работилници за грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната средина, сајбер безбедност и други. Реалзирани се бројни еко наставни за кои училиштето изготвило извешати.

Училиштето нема регистриран спортски клуб.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага  со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети, по класови и паралелки и за сите класификациони периоди на ниво на училиште.

Постигањата редовно се следат, анализираат и се преземаат активности за нивно подобрување.

Средниот успех на ниво на училиште според споредбените анализи за период од три учебни години изнесува: за учебната 2020/2021: 3.55; учебната 2021/2022: 3.77 и учебната  2022/2023: 3.62 , односно  има мали  промени во средната оценка на успехот.

За подобрување на постигањата на учениците се планира и   реализира дополнителна, додатна настава   и слободни ученички активности за што   наставниците   имаат однапред изготвени планови и распоред на одржување. Распоредот за одржување на дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности е истакнат на видно место во училиштето.

Училиштето има спроведено систем за наградување на ученици инаставници.

Во изминатите три учебни години ученици од училиштето учествувале на општински , регионални и државни натпревари и имаат освоено места на истите.

Училиштето располага со споредбени податоци од постигнатите резултати од Државната матура и училишната  матура за учениците од завршните класови по наставни предмети и средна оцена на ниво на училиште. .

Училиштето било вклучено во проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и соработувало со  Гимназијата „Ата “ од Центар Жупа едностранo СОУ Ата ЦЕнтар Жупа ги прекнало сите заеднички проекти, СОУ. Маврово – Ростуше испратило поакана до повеке средни училишта од Македонија за партнерство и соработка.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Во училиштето се следи редовноста на учениците и постојат споредбени податоци за редовноста на учениците во изминатите три учебни години, Во учебната 2020-2021 сочинети се вкупно 1018 изостаноци, 2021-2022 вкупно 3023 изостаноци, а во учебната 2022-2023 вкупно 3015 изостаноци од кои 2492 оправдани и 523 неоправдани, се констатира дека нема одстапки во изостаноците во последните две учебни години.

Стручната служба води уредна евиденција за реализацијата на Програмата за советување на родители и истата редовно се спроведува.

Во изминатите три учебни години спроведено е советување на родители заради зголемен број на отсуство од настава или намален успех на учениците/негативни оценки на ученикот и тоа во учебна 2021-2022 9 родители; учебна 2022-2023 - 8 родители и учебна 2023-2024 прв период 4 родители.

Во училиштето има податоци за осипувањето на учениците и се води евиденција на заминати или новодојдени ученици.  Во учебната 2022/2023 година 12 ученици се испишале ;  учебна 2023/2024 – 2 ученици се од училиштето .

Бројот на испишани ученици во изминатите три учебни години се зголемува а  причина за отпишување на учениците е преминување во друго училиште или заминување надвор од Република Македонија.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно училиште во друго  и поседува уредно пополнети преведници.

### 2.3 Повторување на ученици

Во изминатите три учебни години  нема  ученици кои ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со политиката и правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Училиштето има процедура за поддршка и следење на планирањата на наставниците од страна на стручната служба. Преку посебно изработени инструменти за следење и поддршка, стручната служба на училиштето вршат следење на планирањата на наставниците во текот на наставната година и изготвуваат извештај.

За реализација на наставните програми наставниците изработуваат годишни, тематски и оперативни планови за реализација на наставниот час. Поголемиот број на планирања ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час.

Наставниот кадар во училиштето врши планирање на дополнителна, додатна настава, слободни ученички и воннаставни активности.

Во училиштето се реализираат проектни активности: во прва, втора и трета година задолжително се реализираат проекти „Иновации и претприемништво", во прва и втора и спорт и спортски активности а другите проектни активности се реализираат според интересот на учениците. Проектните активности се реализираат еднаш неделно во договор на професорите и учениците, а согласно на предвидениот фонд на часови според наставните планови и програми.

Не се води ученичко досие за проектна активност за секој ученик. Наставниците во секојдневната комуникација и во рамки на стручните активи и соработка со стручната служба на училиштето, вршат размена на искуства и идеи за планирањата, наставниците приправници не добиваат подршка во изготвувањето на планирањата од страна настручната служба.

Во изготвувањето на Распоредот на часовите учествуваат скоро сите вработените и страучната служба имајќи во предвид локалната средина и местоположбата на СОУ. Маврово-Ростуше во село Ростуше.

## 3.2 Наставен процес

При реализација на наставата поголем дел од наставниците планираат и применуваат разновидни форми, методи и техники на учење со кои би ги развивале индивидуалните способности на учениците. Мал дел од наставниците при реализација на наставните содржини користат традиционални форми и методи на работа кои понекогаш не соодветствуваат на потребите на учениците и не ги опфаќаат сите стилови на учење.

Изборот на активностите, задачите и ресурсите им помагаат на учениците да ги постигнат планираните цели.

Наставниците рамноправно ги вклучуваат и третираат учениците од различна родова, верска и социјална припадност во активностите на часот и подеднакво се однесуваат кон сите ученици.

Директорот на училиштето и стручната служба користат повеќе инструменти: евидентен лист за следење на наставен час, формулар за вреднување на планирањата и подготовките, инструменти за следење и вреднување за оценувањето на учениците.

При реализација на наставните содржини поголем број на наставници успешно користат наставни форми, методи и техники на учење кои овозможуваат поголема вклученост на

учениците во процесот на учењето. Активната вклученост на учениците во процесот на учењето е на потребното ниво.

Сите наставници во тематските распределенија имаат предвидено примена на ИКТ.

За реализација на наставата со примена на ИКТ опремени се две училници со 40 мрежно поврзани и функционални компјутери, 2 ЛЦД проектори , 6 смарт табли и 4 лап топ компјутери .

Формиран е ЕКО одбор, донесена е Програма за „интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" - Интегрирано планирање во наставата во која наставниците имаат интегрирани еколошки содржини и точки на акции од воспоставените еко-стандарди во индивидуалните планирања. Изработен е еко кодекс во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето согласно содржините на еколошката програма. Сите наставници согласно на изработените планови реализираат по најмалку два часа со примена на еколошките стандарди.

Учениците учествуваат во активности за засадување на садници, организирани се активности за чистење на училишниот двор и непосредната околина, гледање театарски претстави ФЛУДО духот на водата, чисрете патека кон водопадот во Дуф, планинарење по повод Европската недела на спортот по патека Велојца и друго еко акции организирани од локалната самоуправа

Се одржува еднаш годишно и работилница за селектирање на отпад и се врши едукација на учениците за рециклирање на отпадот.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Самите училници како средината за учење поттикнува интерес за учење. Ходниците се естетски обликувани и се истакнати трудови на учениците. Поголем дел од наставниците на учениците им даваат можност самостојно да размислуваат и да превземаат одговорност. Учениците сметаат дека по некои наставни предмети се учи на интересен начин. За време на часот поголем број на наставници ги охрабруваат учениците самостојно да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци да се натперавруваат и да се самооценуваат за она што го учат. Соработката меѓу учениците и вработените во училиштето како добра ја оцениле поголемиот број на ученици.

Интеракцијата со учениците е во насока на промовирање на учењето и градење доверба меѓу наставниците и учениците. Учениците се ангажираат активно да учествуваат во наставата. Наставниците имаат можност повеке да ги пофалуваат учениците. Наставниците дозволуваат поставување на прашања за она што не е јасно. Учениците се третираат подеднакво без разлика на пол, етничка , социјална припадост и постигнатиот успех. Запознаени се со критериумите за оценување. Наставници не им задаваат повеќе од 2-теста во текот на една недела

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Стручната служба и наставниот кадар во училиштето работат на идентификување на образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учењето, преку следење на

индивидуалната работата на учениците на наставните часови. По идентификувањето на образовните потреби на учениците, стручната служба и наставниот кадар преку преземање на соодветни активности овозможуваат нивно одстранување.

Поголем број на наставници во процесот на поучување користат повеќе интерактивни форми и методи со кои им овозможуваат на учениците преку различни стилови на учење да научат најмногу што можат.

Наставниците имаат предвидено повеќе техники на оценување за да ги мотивираат учениците да постигнуваат подобар успех.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Во училиштето се применуваат позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето во училиштето е континуирано и се следи од страна на директорот и стручната служба. Целта на училишната политика е да го поддржи учењето на секој ученик и да има усогласени критерими и стандарди за оценување со кои се запознаени и родителите и учениците.

Со критериумите и стандардите за оценување учениците се запознаваат на почетокот на учебната година, а родителите на родителски средби.

Напредокот на учениците континуирано се следи, а се користат повеќе методи и форми на оценување (чек листи, индивидуални листи за следење на напредокот на учениците, холистички листи и самооценување, есеи, проекти).

Поголем дел од наставниците оценувањето на учениците го вршат континуирано и јавно,оваа констатација се потврди и од состанокот со ученицката заедница во училиштето, а резултатите од оценувањето се користат за подобрување на планирањата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Во училиштето редовно се прибираат информации за постигањата на учениците и се води сметка за давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на секој ученик посебно.

Сите класни раководители на почетокот на учебната година имаат изготвено план за средби со родителите а останатите наставници планирале индивидуални средби со родителите.

Училиштето спроведува формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите од страна на раководителите на паралелка, стручната служба и предметните наставници.

Родителите добиваат и писмени известувања најмалку два пати во едно полугодие евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство за крај од наставната учебната година.

Од родителите се бара да дадат повратна информација по извештајот по што се преземаат соодветни активности во согласност со согледувањата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца. Совет на родители искажа мислење дека оценувањето е транспарентно и коректно но изразија жалење дека локалната заедница многу малку дава

подршка во понатамошната професионална ориентација на учениците кои завршуваат средно образование и најголем дел од нив ја напуштаат Македонија.

Според законските прописи постои можност и за електронска комуникација и добивање на податоци преку електронскиот дневник. Најчесто искористена е можноста за информирање на родителот преку телефонски пораки а многу малку е искористена можноста за добивање на информации преку маил адреса.

# 4 Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Инфраструктурата во училиштето е безбедна. Училишниот простор е безбеден за изведување на воспитно образовниот процес, а учениците се чуствуваат безбедно.

Има обучен наставник Емилија Гаврилоска за давање на прва помош на учениците

Училиштето има план и правилник за заштита од физички и елементарни непогоди и се изведени симулации.

Објектот на училиштето е осигуран со полиса од до 12.02.2024 година , осигурани се и вработените во училиштето, учениците доброволно се осигуруваат

Во училиштето има куќен ред, еко кодекс и кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во училниците и на огласните табли за информирање. Не е забележана појава на употреба на алкохол или наркотични средства.

Во соработка со професионални лица од СВР-Гостивар и полициската станица во село Ростуше организирани се едукативни работилници на оваа тема.

Во училиштето нема организирана исхрана. Учениците се снабдуваат со храна од продавниците кои се наоѓаат во непосредна близина на училиштето.

Во моментот нема ученици со телесни пречки во развојот. Училиштето има приспособен пристап за ученици со телесни пречки во развојот . Нема пропишани процедури за грижа за ученици со телесни пречки во развојот.

Во училиштето има програма за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални потешкотии.

Училиштето располага со 4 противпожарни апарати кои се сервисирани но нема хидранти и громобранска инсталација.

Училиштето има обезбедено организиран превоз за сите учениците кои живеат над 2 километри оддалеченост од училиштето.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е добра. Се забележа дека нема корпи за отпадоци по училишните ходници. Во тоалетите има средства за лична хигиена (течен сапун) за миење на рацете. На 15.06.2023 година е извршена дезинфекција во училиштето, Има посебни тоалети за ученици и вработени во училиштето.

Училишниот двор не е холтикултурно уреден но има корпи за отпадоци. Дворното место е оградено од сите страни .

Во согласност со Програмата за образование за животни вештини на класните часови и по соодветните наставни предмети застапени се содржини за заштита од заразни болести.

Во соработка со доктори од Здравствениот Дом Ростуше одржани се повеќе предавања на тема здравје: „Одржување лична хигиена кај учениците", „Здрава и правилна исхрана", „Превенција од ХИВ СИДА", „Заштита на учениците од зависности-дрога, тутун и алкохол", „Заштита од бактериски и вирусни заболувања", „Превенција од полово преносливи болести, преку разни проектии работилници во соработка со стручната служба со училиштето реализирани се Биди пример за другите, Огледало на самодовербата, Зид на подршката, работилници за Булинг, Влианието на социјалните мрежи во менталното здравје.

Во училиштето нема ученици кои се со хронично заболување и посериозни повреди и кои заради тоа подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Извршени се редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците од прва и четврта година, се вршат редовни систематски прегледи на вработените.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во училиштето има план и програма за професионална ориентација на учениците  и се спроведува анкета за избор на идно занимање.

Учениците добиваат информации за понатамошно образование на отворени денови преку промотивни материјали на образовните институции. Во соработка со стручните соработници се врши професионално насочување  на учениците преку изработка на психолошки тестови, анкети и предавања.   Но не доволно на учениците им се посочуваааат потребите од локалната средина и карактеритики на Реканскиот крај.

Училиштето остварува редовна соработка со здравствените установи, Центарот за социјални работи и други релевантни институции.

### 4.4 Следење на напредокот

Се следи индивидуалниот напредок на учениците од страна на наставниците и раководителите на паралелките.

На ниво на училиште се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за секоја паралелка кои се достапни за сите заинтересирани структури во училиштето. Извештаите за прво полугодие и крајот на учебната година се разгледуваат на наставничкиот совет каде и се усвојуваат.

Во случај на утврдување на ученици кои  направиле повеќе изостаноци во наставата или кај кои се забележува послаб успех се врши редовно советување на родителите на тие ученици согласно на законот.

Се води евиденција за извршените советувања на родителите .

# 5 Училишна клима

## 5.1.Училишна клима и односи во училиштето

Поголем дел од наставниот кадар ужива респект кај родителите и учениците .

Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата сензитивност и мултикултурализмот и за поддршка на инклузивноста и зајакнување на партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Во училиштето има инклузивен тим но доколку има ученици кои имаат потешкотии во учењето вработените во стручната служба работат со тие ученици според програма . Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците,стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексот.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените и учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Раководниот и наставниот кадар се постојани во своите напори да обезбедат добра атмосфера во училиштето.Нема случаи кога нивното однесување со учениците,другите вработени,родителите и посетителите на училиштето го попречува развојот на позитивна атмосфера во училиштето.

Дисциплината на учениците е добра. Учениците имаат соработката со вработените и внимаваат на своето однесување. Вработените успешно се справуваат со проблеми кои се однесуваат на дисциплината и редовноста. Проблемите со дисциплината и редовноста понекогаш резултираат со изрекување педагошки мерки . Училиштето го применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Учениците се ангажираат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работите што се од нивен непосреден интерес. Ученичката заедница има своја програма за работа која се реализира според планираната динамика.
Редовно се одржуваат состаноци помогнати од вработените во стручната служба .

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Училиштето ги мотивира учениците да си поставуваат повисоки цели . Училиштето ги промовира личните постигања на сите ученици во рамките на училиштето и надвор од него , во тек е изготвувањето на училишниот весник Гимаро кој се издава еднаш годишно во месец мај од страна на новинарската секција , стручната служба и наставници од училиштето.

Училиштето има политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и државно ниво.
Во Годишната програма за работа на училиштето има план за учество на натпревари.
Се промовираат постигањата на учениците на денот на Општината и се бира ученик на година ( прва , втора , трета и четврта година ).
Во училиштето има критериуми за прогласување на ученик на годината.
Во изминатите три учебни години се бирал и ученик на генерацијата според критериуми.
Училиштето ги промовира постигањата на учениците и работата на училиштето и на социјалните мрежи ( училиштето има своја фејсбук страна која е често посетена од голем број посетители ). .

## 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во пракса. Училиштето ги запознава учениците со нивните права, и ги поттикнува да ги практикуваат.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности .

Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето .
Родителите редовно се повикуваат на општи родителски и индивидуални средби .
Родителските средби се слабо посетени од страна на родителите иако училиштето навремено ги известува за истите.
Во случај на намален успех , поведение или зголемена нередовност на учениците родителите редовно се повикуват на советување .

Информациите за работата на училиштето, целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците на јасен, разбирлив и достапен начин се даваат на сите родители.

Советот на родители недоволно учествувал во работата на училиштето и има одржани мал број на состаноци каде се разгледувале прашања од животот на училиштето и истите записнички се евидентирале во изминатите три учебни години.

Изборот на претставниците во Советот на родители и Училишниот одбор е извршен со демократска процедура.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница и се реализираат заеднички проекти и настани.

Локалната заедница е активно вклучена во поддршка на работата на училиштето .

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Воспитно образовниот процес во средното општинско училиште „Маврово-Ростуше,, - с.Ростуше се реализира во сопствена зграда на приземје и кат која е реконструирана во 2013 година . Во училиштето запишани се 68 ученици во 8 паралелки. Наставата се реализира во една смена на македонски јазик.

Училиштето има распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на настава во 1 смена. Училишната зграда има вкупна површина од 560 м2 во кој има : 8 училници, 4 административни простории , 3 санитарни простории, 3 ходници и надворешен спортски терен со површина од 450 метри квадратни кој истовремено се користи и за дворна површина.

Инфраструктурата на училиштето е добра.

Училиштето има план и распоред со кој се овозможува максимално и рационално искористување на расположливите капацитети за изведување на наставата и вonнаставните активности со што се задоволуваат потребите на учениците.

Училиштето располага со 4 противпожарни апарати кои се сервисирани на ден 15.09.2023 година но нема хидранти .

Училиштето нема спортска сала и е отежнато изведувањето на наставата по спорт во зимскиот период .

### 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста со наставни средства и други технички помагала во училиштето во голем дел ги задоволува нормативите и критериумите за извршување на воспитно-образовниот процес.

Нема училишната библиотека , книгите се сместени во шкафови во ходник и дел во просторија. Книгите ги издаваат наставниците по македонски јазик кои евиденцијата ја водат во тетратка. Книжниот фонд со кој располага училиштето е недоволен да ги покрие потребите на учениците . Потребно е обновување на книжниот фонд и соодветна просторија за библиотека. Има мал број на стручна литература и прирачници.

Потребите за наставни средства и помагала се утврдуваат по предлог на стручните активи, а се обезбедуваат во зависност од финансиската можност на училиштето. . Училиштето располага и со 6 смарт табли , 2 ЛЦД проектори 4 лап топ компјутери кои се поставени во училниците и редовно се користат во наставата за примена на ИКТ при реализација на наставните содржини.

Училиштето во последните три учебни години има набавено поголем број на нагледни средства : географски карти, историски карти прибор за наставата по хемија , физика и математика.

### 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Во училиштето за реализација на наставата ангажирани се 20 наставници од кои 3 наставници надополнуваат од други училишта. Со високо образование се 19 наставници. Од нив 6 се со несоодветно образование.

Од вработените наставници 5 се на неопределено работно време а 12 на определено работно време од кои 3 наставници се вработени со спогодба меѓу училиштата во кои работат и од кои дополнуваат часови во СОУ „Маврово Ростуше " Ростуше.

Во моментот во училиштето нема запишан ученик со посебни образовни потреби а има 4 ученици со потешкотии и нема обучен кадар за работа со деца со посебни образовни потреби.

Работата на наставниот кадар е надополнета со стручна служба: 1 педагог и 1 психолог . Од административно-технички персонал има: директор, 1 секретар и 2 хигиеничари.

Во рамките на Годишната програма за работа на училиштето вклучена е програмата за работа на директорот, педагогот, психологот и стручните активи.

Наставниците придонесуваат во работата на училиштето и работат во рамките на 3 стручни активи, за што се води уредна евиденција со записници.

При распоредувањето на наставниците во предвид се земаат квалитетите, искуството, оспособеноста за исполнувањето на целите во наставата и расположливите кадри во Агенцијата за вработување.

Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето има програма за професионален развој на наставниците . Наставниците учествуваат на семинари и работилници организирани од Бирото за развој на образованието и акредитирани провајдери. Сите наставници се обучени за користење и примена на информатичко комуникациска технологија во наставата и прмена на стандарди и критериуми за оценување.

Во училиштето се водат професионални досиеја за наставниците.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Јавните набавки за училиштето се спроведуваат согласно Законот за јавни набавки. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиската состојба и финансиските активности на училиштето и го следи трошењето на буџетот.

Раководниот кадар соработува со училишниот одбор за одредување на приоритетните цели на училиштето. Буџетот се користи за подобрување на квалитетот на наставата и учењето. Училиштето има сопствени приходи, има дополнителна сметка за извршени услуги (дупликати на свидетелства , дипломи и вонредно образование).

## 7 Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно одредбите од Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Работи согласно надлежностите утврдени во Законот за средно образование, Статутот на училиштето, Програмата за работа и деловникот за работа бр. 02-112/5 од 11.09.2015 година.

Училишниот одбор се состанува, донесува одлуки и дава мислење за прашања кои согласно законските и подзаконските акти се во негова надлежност. Одлуките ги носи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на советот.

Органот на управување редовно обезбедува информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Има воспоставено партнерски однос со органот на раководење и другите образовни структури.

Раководниот орган има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од најголемиот број на субјекти во училиштето, добро раководи со училиштето и знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето.

Има професионален однос кон работата и ефективно комуницира и раководи со најголемиот број на вработени. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем.

Раководниот орган е вклучен во составот на повеќе комисии во училиштето, преку постојано следење и анализа на случувањата во училиштето, ги издвојува приоритетните цели и задачи и истите ги вградува во Годишната програма за работа на училиштето. Раководниот орган своето работење го заснова на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на планирањето и обезбедувањето квалитет.

## 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Во Програмата за развој на училиштето изработена за периодот 2021-2025 година (заведена под бр. 02-179/2/1 од 17.12.2020 г.) тие се јасно и прецизно дефинирани и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и зголемување на постигањата на учениците.

Во креирањето и утврдувањето на целите, начелата и вредностите на училиштето вклучени се и активно учествуваат наставници, родители и ученици. Истите редовно се информираат за начинот на нивното остварување и подобрување.

Преку целосна анализа на работењето во претходната година и лоцирање на одредени пропусти, раководниот тим на училиштето ги отсликува вистинските потреби и предлага реално остварливи решенија кои ќе го подобрат квалитетот на наставата.

Сите приоритети во училиштето се планираат врз основа на анализа на состојбата и искористување на потенцијалите на училиштето кои се опфатени во изработената Самоевалуација за периодот од 2021 до 2023 година (заведена под бр. 01-191/1 од 18.11.2021 година).

Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето.

Училиштето има акционен план, поставените цели доследно ги спроведува.

Наставниците, родителите и учениците континуирано се информираат за поставените цели, нивното реализирање и постигнатите резултати. Училиштето ги има во предвид ставовите на сите субјекти кои се заинтересирани за работата на училиштето.

Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно оспособување на наставниот кадар. Во согласност со своите финансиски можности училиштето овозможува вклучување на наставниците во следење на планираните обуки и за таа цел има изработено План и Програма за професионален развој на наставниот кадар. Во училиштето има воспоставено систем на внатрешна обука и пренесување на стекнатото знаење и континуирано ја следи неговата примена.

Материјално-техничките средства со кои располага училиштето се функционални и оптимално се користат. Се работи на идентификување на потребите за нивно обезбедување. Училиштето во рамките на своите финансиски можности обезбедува материјално-технички средства и се грижи за нивно одржување.

# 8 Наоди и препораки

*Силни страни*

- Во училиштето има добра клима за работа
- Раководниот орган своето работење го заснова на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на планирањето и обезбедувањето квалитет.
- Наставниот кадар претставува мал компактен тим со високо ниво на соработка.
- Преку наградување од општината се мотивираат учениците и менторите за учество на натпревари

*Слаби страни*

- Во училиштето нема хидранти
- Нема корпи за отпадоци по училишните ходници
- Училиштето нема спортска сала и е отежнато изведувањето на наставата по спорт

- Нема просторија за училишната библиотека , а книжниот фонд со кој располага училиштето е недоволен да ги покрие потребите на учениците
- Дел од наставниот кадар е несоодветен за изведување на наставата по одделни предмети
- Стручнта служба не дава доволно подршка на наставниците приправници

## 8.1 Препораки

- Да се регистрира училишен спортски клуб.
- Да се набават хидранти и инсталираат хидранти.
- Да се вложат напори за изградба на спортска сала и обезбедување на опрема за наставата по спорт.
- Да се обезбеди просторија за училишната библиотека и да се обнови книжниот фонд.
- Да се обезбеди соодветен наставен кадар по одделни предмети.
- Стручната служба да се посвети повеке во подршна на наставници кои не се соодветни по норматив за наставен кадар.

| | |
|---|---|
| Бошко Стефановски , Раководител на инспекцискиот тим | |
| Нермина Карагоска, член | |
| Амдин Рушај, член | |
| | |